**Да бидете семејство домаќин значи да го отворите вашиот дом за еден студент од македонската дијаспора** кој ова лето ќе одвои три недели да се запознае со нашата култура и секојдневие. Но, најважно од сè, значи дека ќе стекнете доживотен пријател.



Програмата **„Родум од Македонија“** [по петти пат го отвори повикот] со кој ги поврзува младите од дијаспората кои ќе извршуваат практична работа во Скопје, со семејствата кои се заинтересирани да им овозможат привремен престој, да им ги доближат нивните корени, културата и традицијата на Македонија.

За Сања Соколовска, чие семејство беше домаќин во 2017 година, **градењето пријателства е една од главните придобивки од оваа програма**. Според неа, процесот започнува со внесувањето странец во вашиот дом со кого полека се зближувате, а завршува со прекрасно пријателство со личност која практично е дел од вашето семејство.

За да бидете успешен домаќин доволни ви се три карактеристики: **ентузијазам** за споделување искуства; спремност за **пружање поддршка** за време на престојот и **флексибилност** за новата семејна динамика.

**Семејството на Никола Атанасов веќе четири години е домаќин во програмата.** Тој вели дека **секоја година одново е мотивиран да учествува** поради можноста за стекнување нови пријателства кои го прават побогат човек. „Некој

би помислил дека најтешкиот дел е живеењето со непозната личност и приспособувањето едни кон други. За мене секогаш најтежок е делот на разделба“, рече тој.



Јоана Сибиноска, чие семејство беше домаќин во 2017 година, вели дека преку заедничкиот живот не учат само гостите, туку учат и домаќините; а токму тоа ја прави програмата неповторлива. „Никогаш нема да го заборавам ова неверојатно искуство и **ги охрабрувам сите што можат- да го отворат својот дом за студенти од македонската дијаспора**
. Тоа навистина ќе го промени вашиот живот засекогаш!“- додаде таа.

Секоја студиска посета е различна и посебна на свој начин, така што никогаш не можете да предвидите што ќе донесе за вашето семејство. Една работа е сигурна: ќе ги збогати вашите хоризонти со прекрасни сеќавања и вистински пријателства.

**За повеќе информации и потребните услови** погледнете го повикот . Вашиот интерес да бидете домаќини на еден од студентите, можете да го искажете на следниот маил: jch@mcms.mk најдоцна до
**31 мај 2019 година**
.